Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-152/4
09-05-2022 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-152/1 од 08.3.2022 поднесена од [redacted] од [redacted] против Комисија за станбени прашања при Влада на Република Северна Македонија за сторена дискриминација на личен или општествен статус, социјално потекло и имотен статус, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1 точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 03.05.2022 го донесе следново

## М И С Л Е Њ Е

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** на личен или општествен статус, социјално потекло и имотен статус од страна на Комисија за станбени прашања при Влада на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

На 08.03.2022 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од [redacted] од [redacted] со адреса на живеење ул. [redacted], под бр. 08-152/1 за сторена дискриминација врз основ на личен или општествен статус, социјално потекло и имотен статус.

Согласно наводите од претставката, подносителот е редовен студент на Медицинскиот факултет во Скопје со запишан Зимски (2021/2022) семестар. Тој на 04.02.2021 поднел барање до Комисијата за станбени прашања за закуп на стан и со решение бр. 13-88/4 е одбиено како неосновано. Според подносителот на претставката постои дискриминација спрема него, затоа што со тоа му се ускратени неговите права како рамноправен кандидат во конкурирање на јавниот оглас за доделување на стан под закуп. Горespоменатиот наведува дека на огласот за закуп на станот конкурирал поради безбедност и иднина, тој е здравствено способен, перспективен студент и амбициозна личност.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ( во понатамошниот текст Комисијата ) на 08.03.2022, согласно член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ја достави претставката бр. 08-152 до Комисијата за станбени прашања при Владата на Република Северна Македонија, со барање за писмено произнесување по наводите од претставката, во рок од 15 дена од приемот на известувањето.

На 08.04.2022 до Комисијата беше доставен одговор за произнесување по претставката од страна на Комисијата за станбени прашања со број 08 152/3. Во поднесокот потенцијалниот дискриминатор наведува дека подносителот [redacted] од [redacted], поднел барање за закуп на стан во државна сопственост ( заведено под нивни број 13-88/1 од 02.02.2021 г) и молба заведена под нивни број 13-88/3 од 13.10.2021 година.
Владата на Република Северна Македонија – Комисија за станбени прашања, на седницата оддржана на 15.12.2021 година, го разгледала предметното барање и донела Решение бр.13-88/4, со кое барањето на [redacted] за доделување на стан под закуп, го одбила како неосновано.

На 26.03.2021 година ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Кавадарци постапил по барањата на Комисијата за станбени прашања изработил Наод и мислење на стручен тим и записник од извршен увид и го доставил со допис заведен под број 13-88/2 од

02.04.2021 година. Во наодот и мислењето е наведено дека со оглед на наведената фактичка состојба преку преиспитување на состојбата од социјален ризик во која се наоѓа лицето [redacted] и неговата мајка [redacted], направениот увид во доставената документација која се однесува на неговиот сегашен материјален и станбен статус, земајќи ја во предвид содржината на поимот социјален ризик дефиниран во Законот за социјална заштита, стручниот тим на центарот е на мислење дека семејството на [redacted] кој се јавил како барател за социјален стан **не се наоѓа во состојба на социјален ризик.**

Надлежностите на Владата на Република Северна Македонија во областа на домување се уредени во член 99 од Законот за домување ( ,,Службен везник на Република Македонија" Бр. 99/09 57/10, 36/11, 54/11, 13/12, 55/13, 163/13, 42/14, 199/14, 146/15, 31/16, 64/18 ) и ( ,,Службен весник на Република С. Македонија" бр.302/20 ). Поконкретно став (4) од овој член пропишува дека ,,Комисијата за станбени прашања при Владата на Република Северна Македонија при одлучувањето за давањето под закуп станови во сопственост на Република Северна Македонија ги применува одредбите од Законот за општата управна постапка, за:

1 ) Избрани и именувани лица за вршење на јавни функции и други лица утврдени со посебен акт на Владата донесен врз основа на закон; 2) лица во социјален ризик и други ранливи групи кои не се станбено обезбедени; 3) лица од подрачја прогласени за погодени од природни непогоди и епидемии и слично; 4) вработени во државни органи кои вршат посебни должности неопходни за остварување на основната функција на органот и 5) по одредени проекти и програми на Владата на Република Северна Македонија".

Комисијата ценејќи ги наводите во претставката, односно изнесените факти и околности, заедно со приложената документација кон претставката и приложеното кон дописот за изјаснување констатира дека не е сторена дискриминација од страна на Комисијата за станбени прашања при Владата на Република Северна Македонија.

Имено, по разгледувањето на наводите од претставката, доказите кон претставката и поднесокот за произнесување на потенцијалниот дискриминатори Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека во конкретниот случај нема дискриминација на основ на социјално потекло и личен и општествен статус. На крај, во случајов бидејќи се работи за управна постапка и утврдување на фактичката состојба и при ценењето на доказите исполнетоста на условите органот не го ограничил подносителот на претставката споредбено со друго лице/лица во иста или слична фактичка состојба. Ова од причини што Комисијата од изнесените факти и приложените докази не располагала со податоци за друга постапка за која се одлучувало под исти околности и со иста или слична фактичка состојба во однос на исполнетоста на условите, па споредбено да можела да утврди сторена дискриминација во смисла на член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Претседател на Комисија за спречување и
заштита од дискриминација,
Кире Василев

*Доставено до:*

- *Комисија за станбени прашања при Влада на Република Северна Македонија*
- [redacted]
- *Архива на Комисија за спречување и заштита од дискриминација*